РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 10-806/2
22.04. 2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] со број 10-806/1 од 19.03.2025 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted] заверено под број 10-806/1 од 19.03.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted], преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 18.02.2025 година заверено под број 10-806/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Број на Ромски населби кои не се урбанизирани односно општината нема донесено детален урбанистички план; број на легализирани објекти каде живеат роми во 2024г: број на нелегализирани објекти каде живеат Роми; начинот на обезбедување на правна и финансиска подршка за легализирање на бесправни изградени објекти за домување за Роми; Реализирани инфраструктурни проекти во места населени со Ромско население.

Постапувајќи по барањето на барателот и по добиениот одговор од Сектор за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка Општина Ресен Ве информира дека не се води посебна евиденција за локалното ромско население во општината одело на урбанизирани, легализирани-нелегализирани објекти, финансиска подршка за легализирање на безправни објекти и инфраструктурни проекти.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН